29209

49

12786,

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 22 август 1982 год. ● стр. 6

# МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-НАЈПОДГОТВЕН

Културата, историското минато и народните обичаи најубаво можат да се запознаат во музеите. Со цел, да информираме колку ова лето музеите во градот беа подготвени да ги дочекаат и да го свртат вниманието на многубројните домашни и странски посетители, ги посетивме Музејот на град Скопје, потоа комплексот од Историскиот, Етнолошкиот, и Археолошкиот како и Музејот на современата уметност.

Одговорите за жал, не се многу охрабрувачки. Во Музејот на градот директорот не извести дека освен изложбата која е во салонот, ( прикажан е развитокот на градот), други нема, а на прашањето за посетеноста, не упати одговор до побараме кај водичот, кој, за жал, и по чекањето од околу половина час од почетокот на неговото работно време — не дојде.



Во Историскиот, Етнолошкиот и Археолошкиот музеј главниот изложбен салон е затворен поради реновирање. Таквите услови ја отежнуваат работата па неколкуте постоечки изложби се наоѓаат во помошните простории и до колку некој посака да ги види претходно ќе треба да помине низ многу ходници и катови.

Во Музејот на современата уметност состојбата е далеку поинаква. Тука вработените се погрижиле многу поподготвени да го дочекаат овој летен период. И покрај тоа што како и другите се вклучени во работата на „Скопско лето '82", тие со повеќе изложби успеале да го привлечат вниманието на посетителите. — За разлика од минатата ни рече кустосот **Богдан Мусовиќ** — оваа година многу подолго и поинтензивно се подготвувавме за да ги дочекаме посетителите. Во почетокот на јуни ги прикажавме изложбите „Скулптура во дрво" која претходно во Белград имаше голем успех и изложбата „Студија во дрво" од Прилеп која со мали измени може сеуште да се види.

Инаку, моментално во Музејот покрај постојаната изложба на која се прикажани делата на познатите светски и Југословенски уметници, можат да се видат и изложбите: „Современиот британски цртеж" и изложбата „Современата Македонска уметност" низ која посетителите можат да се запознаат со новите струења во македонската современа уметност. **(Н. Д.)**